РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1626/1
27-05-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 18-тата седница, одржана на ден 21.05.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со бр. 09-1677/1 од 29.05.2024 година оформен по пријава против службеното лице ----, вработен во ------- на работно место Самостоен инспектор – Самостоен градежен инспектор, СЕ ЗАПИРА.

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека наводите од пријавата кои укажуваат на постоење судир на интереси не се потврдуваат, поради што нема основ за натамошно надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител, на ден 29.05.2024 година е поднесена врз основа на која е оформен предмет со бр. 09-1677/1, против службеното лице ------, вработен во ------, поради постоење на состојба на судир на интереси во неговото постапување по предмет арх.бр.09-ип1-60 од 10.05.2024 година, во кој било постапувано и од страна на неговата сестра, ------, вработена во општина -------, како овластен градежен инспектор.

Подносителот смета дека при постапувањето од страна на ------- во наведениот предмет се прекршени одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси бидејќи лицето не се изземало и било побарано од нивна страна друг инспектор да врши контрола врз предмети што се однесуваат на оваа општина, поради тоа што во истата општина е вработена неговата сестра, а посебно побарале изземање од предметот арх.бр.09-ип1-60 од 10.05.2024 година, во кој веќе било непосредно постапувано од нејзина страна. Во прилог на пријавата е доставен Приговор на Записник за извршен инспекциски надзор арх.бр.09-ип1-60 од 10.05.2024 година, поднесен од овластен градежен инспектор и раководител на Сектор ------- до --------, во кој има наведено дека претходно има вршено увид на лице место неговата сестра за што се бара од него да се иззема од натамошно постапување.

Државната комисија за целосно да ја утврди фактичката состојба по конкретниот предмет побара документација и информации од ----------, од каде преку писмен допис е известена дека лицето ----------- преку белешка ја образложува неговата работа по конкретниот предмет и се бара насока за натамошно постапување.

Имено, лицето ------ во белешката што ја има доставено до директорот на ------- наведува дека има добиено налог од страна на Инспекцискиот совет на РСМ за вршење вонреден надзор над работата на овластен градежен инспектор ---------- во врска со преземени инспекциски мерки за изграден објект. При вршењето на надзорот лицето -------- било спречено од страна на ----------- со образложение дека освен Налогот од Инспекциски совет на РСМ потребна е и Наредба од директорот на ---------, бидејќи градежниот инспектор има судир на интереси при спроведување на овој вонреден надзор поради тоа што неговата сестра работи во инспекторатот како овластен градежен инспектор. Иако овластениот градежен инспектор ---------- не е вклучена во предметот, за кој е даден налог за вршење на вонреден надзор, ----------- која е назначена со Решение за задолжување за раководител на Сектор за инспекциски надзор-Инспекторат, негово изземање барала со образложение дека и е раководител на --------- и со тоа се подразбирало дека има судир на интереси. Според --------, барањето за изземање не може да биде основ за одземање на предмет бидејќи од страна на ---------- не се преземени никакви инспекциски мерки

за предметната градба што можело да се види од Враќање на Наредба бр.23-1276 од 13.11.2023 година во која --------- го известува раководителот на одделение, ----------, дека истата при преземање на службени дејствија има утврдено дека посочената градба е надзор од нејзините надележности за постапување од причина што објектот е од прва категорија и за тоа треба да биде запознаен -----------, надлежен за градби од прва категорија. После тоа е доставено Известување од страна на Општина ------ за надлежно постапување од страна на -------------за истата бесправна доградба согласно со Законот за градење.

Од страна на ----------- Државната комисија е известена дека -------- е вработен во ------------ со Решение за вработување и распределување на работното место на административен службеник бр.04-196/1 од 05.02.2021 година по пат на јавен оглас бр. 286/2020 од 22.12.2020 година на работно место Самостоен инспектор – Самостоен градежен инспектор во Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото во Сектор за инспекциски надзор од областа на градежништво и урбанизам. Се наведува дека ----------- има вршено надзор во Општина ---------, но со особено внимание да не се доведе до состојба на судир на интереси со оглед на тоа дека неговата сестра е вработена во оваа општина, односно конкретно врз работата на неговата сестра нема вршено надзор, а во врска со предметот со бр.09-Ип1-60 од 10.05.2024 година, --------- има вршено надзор врз работата на овластен градежен инспектор ----------, на кој надзор бил присутен и ---------, раководител на одделение за инспекциски надзор во општина --------. Во прилог има Записник од извршен надзор, Налог за вршење на тој надзор по налог на Јавен обвинител, достава на Записник до градоначалникот на истата општина. Понатаму, известуваат дека --------------- усно ги известил дека неговата сестра се вработила во општина -------, како овластен градежен инспектор, по што ------- и -------- цело време биле во координација да нивната роднинска врска не претставува никакво поврзување, односно да не се предизвика судир на интереси. Повторно во прилог е доставена службената белешка од -------- за негово произнесување.

Имајќи во предвид се погоре наведено, Државната комисија констатира дека не се потврдуваат наводите од пријавата, односно нема прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси што го регулираат постапувањето и пријавувањето на состојба на судир на интереси.

Со оглед дека од Државната комисија се побарани насоки за натамошно постапување од страна на лицето ---------- при вршењето на неговите работни обврски при вршење на надзор во Општина --------, Државната комисија ќе достави Мислење – препорака до ----------- поради постоење на потенцијален судир на интереси.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: М.М. – соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: С.С.М – член на ДКСК